**Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Биро за развој на образованието |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Merzije Gashi Sulejmani, раководител на одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење - координатор за воспоставување еднакви можности на жените и мажите<br>Борјана Јанакиева Заева, советник за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците - заменик координатор за воспоставување еднакви можности на жените и мажите |
| **Период на известување** | 1.1.2024-31.12.2024 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 27.01.2025 |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Бр. 01-283/1**
**Дата: 27.1.2025 година**

**Име и презиме: м-р Милка Тримчевска – в.д. директор на Бирото за развој на образованието**

**Потпис**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

______________________

**Име Презиме (раководител на Сектор за еднакви можности)**

**Потпис**

## 2. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**

**А) Позитивни**

**Б) Охрабрувачки**

**В) Програмски**

2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):

- Изработени нови наставни програми кои се базираат на принципите на родова сензитивност/ рамноправност, инклузивност, интеркултурност по наставните предмети од 7, 8 и 9 одделение согласно наставниот план за основно образование од Концепцијата за основно образование од 2021;
- Обучени наставници за новите наставни програми;
- Анализирани учебници, стручна литература, и детски списанија за предучилишно, основно и средно образование и од аспект на родова сензитивност;
- Сензибилизирана популација на наставници и родители за ССО.
- Обучени наставници за реализација на програмата за ССО како слободен изборен предмет во 9 одделение.
- обучени сите стручни соработници од основните и средните училишта на тема „Унапредување на менталното здравје кај учениците“, со цел зајакнување на веќе постоечката мрежа и интензивирање на активностите за Унапредување на менталното здравје кај учениците и воспитно- образовниот кадар во основните и средните училишта.
- одобрени материјали за учење и прирачници

2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])

- Одобрени наставни програми по сите наставни предмети за 7. 8 и 9 одделение;
- Број на обучени наставници од основните училишта на тема „Родова еднаквост и родова сензитивност во училиште“ за 2024 година.
- Број на изготвени стручни мислења за ракописи на учебници, стручна литература и детски списанија за предучилишно, основно и средно образование.
- Број на реализирани средби со цел сензибилизација на наставници и родители за ССО по општини.
- број на обучени стручни соработници
- број на реализирани обуки/работилници
- 35 одобрени материјали за учење и прирачници

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:** www.bro.gov.mk

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

## *3.* ПРЕЗЕМЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ

| |
|---|
| **3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**<br>Бирото за развој на образованието како еден од органите кој ги креира и спроведува образовните политики во државата, во сите надлежности кои ги има и задачите кои ги извршува, внимателно го вградува принципот на еднакви можности на жените и мажите.<br>- Една од иницијативите во Бирото за развој на образованието која продолжува да се реализира и во 2024 година е тоа што при новите вработувања и унапредувања во Бирото веќе се зема предвид имплементацијата на критериумите за еднакви можности на жените и на мажите согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост).<br>- Вклучување на поголем број вработени од институцијата во обуки или други активности кои поддржуваат теми поврзани со родова еднаквост со цел подигање на свеста за рамноправност.<br>- Иницијатива-Предлог за дополнување на Правилник за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во основните и средните училишта во Република Северна Македонија, од аспект на родова рамноправност/сензитивност и мултикултура. |
| **3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**<br>/ |
| **3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (примерза индикатор)**<br>Бројот на новоработени согласно принципот на еднакви можности на жените и мажите;<br>Бројот на вклучени вработени на БРО во обуки и други активности поврзани со родова еднаквост.<br>Дополнување на Правилник за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во основните и средните училишта во Република Северна Македонија, од аспект на родова рамноправност/сензитивност и мултикултура. |
| **3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**<br>/ Прилог 1. |

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

-**Реализирани се три средби** со наставници и родители од основни училишта во четири општини: Кавадарци, Центар – Скопје и Гостивар. Целта на средбите беше презентирање на програмата за слободен изборен предмет ССО, во соработка со НВО.

-**Реализирани се обуки** за наставниците од Општина Кавадарци и Општина Центар – Скопје, насочени кон јакнење на компетенциите на наставниците за реализација на програмата за ССО како слободен изборен предмет во деветото одделение.

-Извршено е **ревидирање на наставната програма за ССО,** согласно резултатите од евалуацијата и насоките за организирање и реализација на слободни изборни предмети во основното образование.

- Учество во промовирање на резултатите од спроведената Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата од училишна возраст (HBSC – Health Behaviour in School Aged Children Study) на Светска здравствена организација со посебен акцент на менталното здравје, родовата еднаквост и сексуалното образование, во соработка со UNFPA.

**4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**
**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**
Базата на податоци за вработените во Бирото за развој на образованието која ви ја доставуваме во Прилог 1 е поделена по пол, степен на образование и вид на работна позиција.
**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.) /**
*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн. /**

## 5. ОБВРСКИ

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**
**Опишете според:**
**а) Постигнати резултати**
**- Воведено сеопфатно сексуално**
**-Опфат на ССО, по број на училишта, по општини**
**б) Реализирани активности**
**-Реализирани се три средби со наставници, родители, раководството на основнте училишта и одговорните за образование од општините: Кавадарци, Центар – Скопје и Гостивар. Целта на средбите беше презентирање на програмата за слободен изборен предмет ССО, во соработка со НВО.**
**-Реализирани се обуки за наставниците од Општина Кавадарци и Општина Центар – Скопје, насочени кон јакнење на компетенциите на наставниците за реализација на програмата за ССО како слободен изборен предмет во деветото одделение.**
**-Извршено е ревидирање на наставната програма за ССО, согласно резултатите од евалуацијата и насоките**

| |
|---|
| за организирање и реализација на слободни изборни предмети во основното образование.<br>- Изработени се нови наставни програми за 7 одделение (вкупно 13), за 8 одделение (вкупно 27) и за 9 одделение (вкупно27) што промовираат родова еднаквост, мултиркултурност и инклузивност;<br>- Изработени се наставни програми за слободни изборни предмети за вториот и третиот период од основното образование (вкупно 9).<br>- Реализирани се обуки на предметните наставници коишто реализираат настава во 6 одделение;<br>- Изработени материјали за учење и прирачници за наставници;<br>- Анализа за ракописи на учебници, стручна литература и детски списанија;<br>- Изработен инструмент за стручни увиди, која меѓудругото има вградено и родова перспектива;<br>- Обучени се наставници од основното образование со акредитираната програма за обука на тема: „Родова еднаквост и родова сензитивност во училиштата“.<br>в) Индикатори за мерење успешност<br>- 42 обучени наставници за ССО од кои 4 мажи и 38 жени, од 16 основни училишта во 7 општини на територијата на РСМ<br>-сензибилизирани наставници, родители, одговорните за образование од три општини и раководството од основните училишта;<br>- 76 нови наставни програми;<br>- 35 материјали за учење и прирачници;<br>- 14 стручни мислења за ракописи на учебници и 3 стручни мислења за детски списанија за основно образование;<br>- 21 наставници обучени на тема „Родова еднаквост и родова сензитивност во училиштата“ ;<br>г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства / |
| 5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?<br>Во Бирото за развој на образованието надлежностите на координаторот и заменик координаторот НЕ се конкретно утврдени во актот на систематизација на работните места. |

| |
|---|
| 5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?<br>Дали тие во обуките се јавиле како:<br>а) слушатели<br>Координаторот и заменик координаторот во текот на 2024 година ги имаат посетено работилницата „Профил на родова еднаквост на земјата (CGEP) кон имплементација на ЕУ ГАП III“ реализирана од канцеларијата на UN Women. Обука „Ментално здравје кај адолсецентите“ организирана од страна на UNICEF во соработка со БРО.<br>Во улога на обучувачи координаторот и заменик координаторот реализираа:<br>2 Обуки (дводневни) „Ментално здравје кај адолесцентите во образовен контекст“ како и 2 работилници (еднодневни) „Ментално здравје кај адолесцентите во образовен контекст“. |
| 5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:<br>а) координатор за еднакви можности - „Профил на родова еднаквост на земјата (CGEP) кон имплементација на ЕУ ГАП III“ реализирана од канцеларијата на UN Women, Обука „Ментално здравје кај адолсецентите“ организирана од страна на UNICEF во соработка со БРО.<br>б) заменик координатор за еднакви можности - „Профил на родова еднаквост на земјата (CGEP) кон имплементација на ЕУ ГАП III“ реализирана од канцеларијата на UN Women, Обука „Ментално здравје кај адолсецентите“ организирана од страна на UNICEF во соработка со БРО. |
| 5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашето ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.<br>Стекнатите знаења воглавно се пренесуваат преку споделување на информациии и материјали, а понекогаш и преку држење кратки сесии за пренесување на знаењата на колегите и практикување во секојдневни ситуации со цел подигнување на свеста. |
| 5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?<br>Координаторот и заменик координаторот до Бирото за развој на образованието имаат доставено информации за предвидени активности во рамки на Националниот акциски план за родова еднаквост 2022-2024. Исто така, доставена е информација до раководните структури, базите на податоци за програмскиот дел (корисници на обуки, услуги, мерки и сл.) во иднина да се разделат по пол и исто така базата за човечки ресурси да се надополни и по звање.<br>- Иницијатива-Предлог за дополнување на Правилник за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во основните и средните училишта во Република Северна Македонија, од аспект на родова рамноправност/сензитивност и мултикултура.(доставено до раководството на Бирото за развој на образованието). |
| 5.7. Колку од тие иницијативи биле успешни? / |

## 6. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

6.1 **Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале**

/

**6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса**

Зајакнување на родовиот аспект преку континуирано спроведување на новата Концепција за основно образование, изготвување нови наставни програми и наставни материјали, како и реализирање на обуки за наставниците и стручните соработници со цел за нивно професионално унапредување. Во рамки на овој процес континуирано се сензибилизира свеста за родовата рамноправност.

**6.3. Наведете примери за научени лекции**

Важноста на образовните институции преку сите активности и документи за подигање на свеста и унапредувањето на принципот на еднакви можности.

## 7. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

***7.1.*** **Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

Во Годишниот план за работа на Бирото за развој на образованието за 2025 година, кој е изработен согласно Стратешкиот план на Бирото за 2025-2027 година 01-86/1 од 14.1.2025 и согласно Стратегијата за образование 2018-2025 година, како и стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука, предвидени за реализација се следните активности:

- изработивање на програма за рано учење и развој за деца на возраст 0-6 години;
- реализирање обуки за воспитно-образовниот кадар за предучилишно воспитание за приемена на новата програма за рано учење и развој за деца на возраст 0-6 години како и за други теми поврзани со воспитно-образовниот процес;
- изработување/ревидирање на наставни програми за 7, 8 и 9 одделение и обуки за наставниот кадар за примена на новите наставни програми и други теми поврзани со воспитно-образовниот процес;
- изработување на стандарди за средно образование и обуки на наставниците за теми поврзани со воспитно-образовниот процес;
- анализа на проекти и изготвување на стручни мислења од областа на образованието;
- анализа на учебници, стручна литература и детски списанија за предучилишно, основно и средно образование;
- реализирање советодавни стручни посети за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници;
- континуиран професионален развој на воспитно – образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование;
- изработување на концепции, подзаконски акти, упатства и други документи;
- дополнување на Правилник за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во основните и средните училишта во Република Северна Македонија, од аспект на родова рамноправност/сензитивност и мултикултура.

Во сите овие активности ќе бидат вградени принципите на еднакви можности кои ќе придонесат кон подигање на свеста, поттикнување и унапредување на еднаквите можности меѓу жените и мажите.

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**8.1 Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

Организирање онлајн средби за координатори и заменици координатори различни ОДУ со цел размена на информации и искуства во однос на имплементирање на принципите за еднакви можности.

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**

**Задолжителна родова анализа** во сите секторски политики, програми и законски решенија. Ова вклучува изработка на специфични **индикатори за родова еднаквост** и проценка на влијанието на политиките врз различни родови и групи.

**Организирање на редовни обуки** и едукација за родова еднаквост за сите вработени.

Вклучување на теми за **родова чувствителност и инклузивност** во сите програми за обука.

Прилог 1

## 4. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Во Бирото за развој на образованието од аспект на родовата еднаквост, од вкупно 141 вработен, 49 се мажи и 92 се жени. Притоа, од вкупно 23 вработени раководни административни службеници со високо образование, 5 се мажи и 18 се жени, а од вкупно 118 вработени нераководни административни службеници 44 се мажи и 74 се жени, од кои со високо образование 35 се мажи и 65 се жени, додека пак, со средно образование, 8 се мажи и 9 се жени, а со основно образование 1 е маж.

| Работно место | Високо | | Вишо | | Средно | | Основно | | ВКУПНО | | Вкупно вработени во органот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | |
| Раководни | 5 | 18 | | | | | | | 5 | 18 | 23 |
| Нераководни | 35 | 65 | | | 8 | 9 | 1 | | 44 | 74 | 118 |
| Вкупно | 40 | 83 | | | 8 | 9 | 1 | | 49 | 92 | 141 |

| Очекувано влијание во 2025 година | Очекувано влијание во 2026 година | Очекувано влијание во 2027 година |
|---|---|---|
| При новите вработувања во Бирото ќе се земе во предвид имплементацијата на критериумите за еднакви можности на жените и на мажите согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост). | При новите вработувања во Бирото ќе се земе во предвид имплементацијата на критериумите за еднакви можности на жените и на мажите согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост). | При новите вработувања во Бирото ќе се земе во предвид имплементацијата на критериумите за еднакви можности на жените и на мажите согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост). |